Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 12 став 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 19 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово, на 53-та седница одржана на ден 28.11.2024 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2025 година

### 1.Општи одредби

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Берово за 2025 година и тоа:

Вид и обем и обем на работите што треба да се вршат,финансиските средства,временските рокови за извршување,динамика,начин на извршување на работите,одржување на постоечките и обезбедување на јавните санитарни јазли и поставување на соодветни за фрлање на отпадоци на јавни површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота,одржување на јавната чистота,собирањето на сметот и чистењето на снегот и ледот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржување на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини,на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.Сопствениците односно корисниците на отворени простори на јавни објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го острануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на Општина Беровоого врши ЈПКР„Услуга“- Берово.

### 2.Вид,обем,динамика и начин на извршување на работите

2.1 Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини ќе се врши на следниот начин:

**Улици кои се метат секој ден**

| | |
|---|---|
| Ул.„Маршал Тито“ од Пошта – ул.„Илинденска“ и од ул.„Цветан Димов“ – Комунално | 2205 м$^2$ . |
| Плоштад со паркинг | 6700 м$^2$ |
| Ул.”23$^{ти}$ Август“ од ул.„Маршал тито“ – ул„Зоран Бубевски“ | 320 м$^2$ |
| Ул.„Цветан Димов“ | 200 м$^2$ |
| **Вкупно:** | **9425 м$^2$** |

**Улици кои се метат секој работен ден**

| | |
|---|---|
| Ул.”23$^{ти}$ Август“ | 2000.м$^2$ |
| Ул.„Мирче Ацев“ | 610 м$^2$ |
| Ул.„Моша Пијаде“ од стопански влез на осмолетка до ул.„ 23$^{ти}$ Август“ | 1480 м$^2$ |
| Ул.„Димитар Влахов“од собрание до ул.„ 23$^{ти}$ Август“ | 715 м$^2$ |
| **Вкупно:** | **4805 м$^2$** |

**Улици кои се метат еднаш неделно**

| | |
|---|---|
| Ул.„Страшо Пинџур“ од ул.„Илинденска“ до ул.„Цветан Димов“ | 920 м$^2$ . |
| Ул.„Илинденска“ од ул.„Страшо Пинџур“ до ул.„М.Тито“ | 350 м$^2$ . |

Ул.„Партизанска“ од ул. .„М.Тито“ до ул.„Задарска“ 2700 $м^2$ .
Ул.„Задарска“ 2400 $м^2$ .
Ул.„Димитар Двојаковски“ од ул.„ 23ти Август“ до канал
320 $м^2$ .

**Вкупно: 6690** $м^2$

**Улици кои се метат еднаш месечно**

Ул.„Маршал Тито“ од Пошта – раскрсница Алкалоид 3400 $м^2$ .
Ул.„Партизанска“од ул„Задарска“доУл„Димитар Двојаковски“и од ул.„М.Тито“до ул„Даме Груев“
2400 $м^2$
Ул.„Зоран Бубевски“ од ул.„ 23ти Август“ до Манастир и од ул.„Партизанска“ до стопански влез на осмолетка 4600 $м^2$
Ул.„Димитар Двојаковски“ од раскрсница Владимирски пат до канал
4500 $м^2$ .
Кеј нов 7300$м^2$
Плоштад сВладимирово 1769 $м^2$
Плоштад сРусиново 2662 $м^2$
Плоштад сРатево 1894 $м^2$
Плоштад сСмојмирово 791 $м^2$
Плоштад с.Будинарци 1740 $м^2$ .

**Вкупно: 31056 $м^2$**

2.2 Одржување на јавна чистота на сите паркови,зеленила и улични тревници во Берово – понеделник,среда и петок и по налог на одговорно лице.

2.3 Одржување на јавна чистота на сите паркинзи,скалила што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалишта – сабота.

2.4 Одржување на јавната чистота на кејот на река Брегалница во градското подрачје од мостот на ул.„Партизанска“ до дрвениот мост на река Брегалница над градскиот пазар се врши:

- коритото еднаш неделно – сабота
- кејските зидови – секој први од месецот

2.5 Одржување на јавна чистота на спортски терени во градот (градски стадион)и сите други спортски терени во градот – пред и после натпревар и по налог на одговорно лице.

2.6 Одржување на јавна чистота на градски гробишта – секој ден

2.7 Одржување на јавна чистота на градското пазариште – среда и четврток попладне

ЈПКР„Услуга“ Берово е должно да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови од улиците во Берово и главните улици во селските населби.

Чистењето на јавните и сообраќајните површини се извршува во утринските часови.

Одржувањето на јавната чистота со миење ќе се врши во летниот период,двапати во неделата на јавните површини во центарот на градот и тоа:понеделник и петок во раните утрински часови.

Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно – четврток попладне,а во зимскиот период по потреба.

Во останатите делови на градот,јавните површини ќе се мијат по потреба.

Миењето на јавни и сообраќајни површини ќе се извршува вовраните утрински часови или во часовите кога фрекфренцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална.

**3. Поставување на садови за отпад и јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини се поставени корпи за фрлање на отпадоци кои треба редовно да се празнат.Истите постепено да се менуваат,одржуваат и надополнуваат.

Одржувањето на јавните санитарни јазли на градското пазариште и градските гробишта е во надлежност на ЈПКР„Услуга“ Берово.Треба редовно да се чистат,мијат и одржуваат во исправна состојба.

Во централното градско подрачје бројот на контиењери е сведен на минимум(само на локации каде има колективни згради,јавни установи и фрекфрентни локации).Сите домаќинства кои немаат набавено индивидуални садови за комунален отпад да се задолжат од страна на службите во Општината да ги обезбедат стандардните канти за отпадоци.

Распоредот за празнење на садовите за комунален отпад во Берово ќе го достави до Општина Берово ЈПКР„Услуга“ Берово по денови,реони и улици.

Во селските населби(Русиново,Владимирово,Смојмирово,Мачево,Будинарци,Митрашинци и Ратево) веќе се поставени контењери.Да се постават и додатни канти за отпадоци и ситен отпад и задолжат граѓаните да си набават садови за комунален отпад,кои немаат обезбедено.

Распоредот за празнење на садовите за комунален отпад во селските и туристичките населби:

Смојмирово,Мачево,Будинарци,Митрашинци – секој вторник во неделата
Владимирово – секоја среда во неделата
Русиново и Ратево – секој четврток во неделат
Туристичка населба Абланица – секој петок во неделата
Туристичка населба Брана – секој петок во неделата
Туристичка населба Суви Лаки – секој 15ти во месецот

Чистењето на контењерите за ПЕТ отпад е доверена од страна на општината на правно лице кое има лиценца за собирање на овој вид на отпад за кое нешто ќе се врши контрола од страна на комуналната испекција.Чистењето ќе се врши задолжително еднаш неделно и тоа во среда и по потреба.

**4.Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово изнесува 2.890.000,00денари и тоа:

- Одржување на улици,тротоари,плоштади, кеј,паркиралишта,шеталишта и други јавни површини со метење и миење ______________________________ 2.640.000,оо денари
- Набавка и поставување на садови за отпадоци и друга опрема _____ 50.000,оо денари
- Акција за собирање ПЕТ отпад _______________________________ 200.000,оо денари
-Ангажирање на 1 лице за собирање на ПЕТ отпад на територијата на Општина Берово ____________________________________________________________________ 200.000,оо“ денари

**ВКУПНО : _________________________________________ 3.090.000,00денари**

Средствата за одржување на јавната чистота предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместок за јавна чистота во Општина Берово.

5**. Надзор над извршување на програмата**

Надзор над извршување на програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежние орган на општината – Оделение за комунални работи и заштита на животна средина.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота го врши овластениот комунален испектор и комуналниот редар од Општина Берово.

**6.Завршни одредби**

Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово за 2025 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Берово.

Бр.09-3953/1
28.11.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
Петар Ружински